КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 01.03.2018 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 100782 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за телекомуникациски и информатички инженеринг НЕТРА ДОО Скопје, со адреса на ул.„Рампо Левката бр. 2 “ во Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број: 100782 на Друштво за телекомуникациски и информатички инженеринг НЕТРА ДОО Скопје, со адреса на ул.„Рампо Левката бр. 2 “ во Скопје.

На 27.02.2018 година Друштво за телекомуникациски и информатички инженеринг НЕТРА ДОО Скопје, со адреса на ул.„Рампо Левката бр. 2 “ во Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведеното одобрение со број уп1-бр.0802-367

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15,193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации

Наш број: уп1-бр.0802-367

Скопје,

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива